ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

YOUTH CLIMATE ACTION FUND
Supported by Bloomberg Philanthropies

*Општина Свети Николе, врз основа на Договорот за доделување средства од Youth Climate Action Fund, број 0903-63/7-6 од 23.07.2026 година, склучен помеѓу Општина Свети Николе и Rockefeller Philanthropy Advisors (RPA), објавува Јавен повик за доделување микрогрант средства на младински организации, клубови, невладини организации, образовни установи, културни институции и други организации кои во рамките на своето работење се занимаваат со прашања поврзани со младите и соработуваат со млади.:*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-63/7-16
02.09. 2026 год.

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доделување микрогрантови во рамки на Фондот за климатска акција на младите (Youth Climate Action Fund)

*поддржан од Bloomberg Philanthropies*

## 1. За програмата

Фондот за климатска акција на младите е глобална програма преку која градовите и младите заеднички развиваат и спроведуваат локални климатски решенија. Програмата им овозможува на младите на возраст од 15 до 24 години да ги претворат своите идеи во конкретни климатски акции, со финансиска и менторска поддршка.

Во Свети Николе програмата ја координира Општина Свети Николе, со поддршка од СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје. Младите ја осмислуваат и ја водат проектната идеја, а регистрирана партнер-организација/институција ја поднесува апликацијата, го прима микрогрантот и ја обезбедува потребната административна и финансиска поддршка.

## 2. Брз преглед

| | |
|---|---|
| Веб-страница за повикот | https://youthclimatefund.svetinikole.gov.mk/ |
| Кој може да учествува | Тим од најмалку 2 млади лица, на возраст од 15 до 24 години, со партнер-организација/институција |
| Износ по проект | 1.000–5.000 USD (во денарска противвредност по среден курс на денот на потпишување на договор) |
| Вкупен фонд за микрогрантови | 41.500 USD (во денарска противвредност по среден курс на денот на потпишување на договор) |
| Планиран број поддржани проекти | Минимум 8 проекти |
| Отворање на повикот | 03 септември 2026 |
| Краен рок | 15 октомври 2026, до 18:00 часот |
| Завршување на проектите | најдоцна до 15 април 2027 |
| Е-пошта за апликации и прашања | ler@svetinikole.gov.mk |

## 3. Кој може да аплицира

Право на учество имаат проектни тимови составени од најмалку две млади лица на возраст од 15 до 24 години кои ја предложиле, ја осмислиле и ќе ја водат реализацијата на проектот. Тимот аплицира преку регистрирана партнер-организација/институција која формално ќе го прими и администрира микрогрантот.

Партнер-организација/институција може да биде:

- младинска организација, младински клуб или студентска организација;
- здружение или друга непрофитна организација што работи со млади;
- училиште, универзитет, културна институција или музеј;
- јавна институција или друга организација од заедницата која ги исполнува условите на програмата.

Партнер-организацијата/институцијата мора да биде правно регистриран субјект, да има банкарска сметка на свое име, да има капацитет да управува со средствата и да има непрофитен/јавен карактер, освен кога станува збор за јавен субјект.

Приватни компании, физички лица, политички партии и организации поврзани со политички партии не се подобни корисници на микрогрант.

Една партнер-организација може да поддржи и да добие најмногу **три микрогранта** за три различни младински проекти, доколку секој проект има различен тим/идеја и ги исполнува сите услови на повикот.

**Ментори, наставници и професори можат да обезбедуваат поддршка, но проектните одлуки, планирањето и реализацијата мора да останат во рацете на младинскиот тим.**

## 4. Климатски теми

Проектот треба да се вклопи во најмалку една од следните шест локални климатски теми. Темите означени како приоритетни се особено важни за локалниот климатски контекст, но проектите од сите шест теми се подобни за финансирање.

### 4.1. Вода и суша – ПРИОРИТЕТНА ТЕМА

Кампањи и практични активности за штедење вода, справување со сушата, заштита на водните ресурси и подигнување на свеста. Пример: кампања за штедење вода, училишни активности за недостиг на вода или мала демонстративна градина отпорна на суша.

### 4.2. Енергија и сонце – ПРИОРИТЕТНА ТЕМА

Активности за заштеда на енергија, енергетска ефикасност и подобро разбирање на потенцијалот на сончевата енергија. Пример: училишна кампања за енергетска ефикасност, младинско истражување или едукативни содржини за сончева енергија.

### 4.3. Отпад и рециклирање – ПРИОРИТЕТНА ТЕМА

Селекција и намалување на отпадот, рециклирање, повторна употреба, компостирање и активности за намалување на нелегалното фрлање. Пример: акција за чистење со мерење на собраниот отпад или кампања за градење долгорочни навики.

### 4.4. Зеленило и природа

Садење и одржување зеленило, подобрување на зелени површини, заштита на локалниот биодиверзитет и создавање попријатни и поладни јавни простори.

### 4.5. Заштита на граѓаните

Подготовка и подигнување на свеста за климатски ризици, особено топлотни бранови, пожари и поплави, со внимание кон ранливите групи и локалните заедници.

4.6. Мобилност и јавни простори

Пешачење, велосипедизам, одржлива мобилност и активности за позелени, побезбедни и попријатни јавни простори.

**Примерите се дадени само како инспирација. Апликантите можат да предложат и други решенија доколку се усогласени со една или повеќе од наведените теми и се предводени од младите.**

## 5. Основни услови за проектот

- да биде предложен, осмислен и воден од најмалку две млади лица на возраст од 15 до 24 години;
- да биде усогласен со најмалку една од локалните климатски теми;
- да има јасна цел, конкретни активности и реален план за спроведување;
- да има најмалку еден мерлив непосреден резултат и најмалку еден мерлив исход, со нумерички цели;
- да биде реализиран најдоцна до 15 април 2027 година;
- да има вкупен буџет од 1.000 до 5.000 USD;
- трошоците за опрема и капитални/инфраструктурни подобрувања да бидат помалку од 50% од вкупниот буџет;
- сите предложени трошоци да бидат прифатливи согласно овој повик и програмските правила.

## 6. Што може да се финансира

Прифатливи се разумни и неопходни трошоци директно поврзани со реализацијата на одобрениот младински проект, меѓу кои:

- материјали и потрошен материјал неопходни за проектните активности;
- опрема и помали инфраструктурни/капитални интервенции, при што вкупно не смеат да достигнат 50% од буџетот;
- организација на настани, работилници и едукативни активности, вклучително и краткорочен закуп на простор, печатење и разумно освежување;
- потребни дозволи и други директни трошоци за спроведување на активностите;
- разумни трошоци за локален превоз за младинскиот тим и учесниците;
- комуникациски и промотивни материјали поврзани со проектот и споделувањето на резултатите;
- разумни административни трошоци на партнер-организацијата за управување со микрогрантот, до 15% од вредноста на микрогрантот.

## 7. Што не може да се финансира

- услуги или активности што веќе се покриени со постоечки општински иницијативи;
- редовна кирија, комунални и режиски трошоци на организацијата;
- трошоци за регистрација на здружение/непрофитна организација;
- хонорари и надоместоци за говорници;
- стипендии и директна финансиска поддршка на поединци или семејства;
- лобирање, регистрација на гласачи, политички кампањи, партиски политички активности или организации;
- комерцијални активности;
- исплати на владини службеници/функционери;
- капитални кампањи, трајни фондови (endowments) или финансирани академски позиции;

- настани за прибирање средства што не се поврзани со младинска климатска акција;
- повторно доделување на грантови или пренесување на средства на други организации или физички лица.

## 8. Како се аплицира

1. Соберете тим од најмалку две млади лица на возраст од 15 до 24 години.
2. Изберете партнер-организација/институција која ќе ја поднесе апликацијата и ќе го администрира грантот.
3. Разработете ја идејата и одберете една или повеќе климатски теми на кои проектот одговара.
4. Пополнете го официјалниот Образец за апликација за микрогрант, вклучително и предложениот буџет.
5. Апликацијата испратете ја по е-пошта на ler@svetinikole.gov.mk најдоцна до 15 октомври 2026 година, до 18:00 часот.
6. Во насловот на е-поштата наведете: „YCAF – Апликација – [име на проектот]". Апликацијата се доставува како еден PDF документ. Задоцнетите апликации нема да бидат разгледувани.

## 9. Документација

За пријавување се доставува:

- пополнет и **потпишан Образец за апликација за микрогрант**;
- доказ дека партнер-организацијата/институцијата е правно регистрирана **(тековна состојба);**
- податок/доказ за банкарска сметка на име на партнер-организацијата/институцијата;
- друга документација што Општина Свети Николе може да ја побара за потврда на подобноста пред склучување договор.

**Образецот за проверка на исполнување на условите и Образецот за евалуација се објавуваат заради транспарентност, но не ги пополнуваат апликантите.

## 10. Поддршка за развој на идеите

Во текот на отворениот повик ќе се организираат две практични работилници за заинтересираните млади и партнер-организации:

- 10 септември 2026 – Работилница 1: инфо-сесија за повикот и генерирање идеи;
- 21 септември 2026 – Работилница 2: практична разработка на целосната апликација.

Учеството на работилниците е поддршка за апликантите и не претставува услов за поднесување апликација или гаранција за добивање микрогрант.

## 11. Проверка, евалуација и избор

Селекцијата ќе се спроведе транспарентно и во неколку чекори:

1. Административна и проверка на подобност – се проверуваат навременоста, комплетноста и исполнувањето на деветте минимални услови од Образецот за проверка на исполнување на условите. Сите услови мора да бидат исполнети.
2. Преглед со YCAF тренерот – подобните предлози се разгледуваат со програмскиот тренер доделен од донаторот пред да бидат доставени до Комисијата за селекција.
3. Независна евалуација – подобните апликации ги оценува независна Комисија за селекција составена од најмалку три лица со релевантно искуство. Лицата директно вклучени во проверката

на подобност и лица поврзани со потенцијални корисници нема да учествуваат во оценувањето на тие проекти.

4. Конечен избор – проектите се рангираат според вкупниот број бодови, расположливиот буџет и потребата избраното портфолио да опфати разновидни климатски теми.

**Критериуми за оценување**

| Критериум | Максимум бодови |
|---|---|
| Релевантност за локалниот план/климатските приоритети | 20 |
| Улога и лидерство на младите | 20 |
| Иновативност | 10 |
| Изводливост и планирање | 20 |
| Буџет | 10 |
| Влијание, вклучително мерлив резултат и мерлив исход | 20 |
| **ВКУПНО** | 100 |

Секој микрогрант мора да финансира посебен младински проект. Избраните проекти треба да покажат разновидност на климатски теми, а не концентрација на средствата во една област.

## 12. Клучни рокови

| | |
|---|---|
| 03 септември 2026 | Објавување и отворање на повикот |
| 10 септември 2026 | Инфо-сесија за повикот |
| 21септември 2026 | Работилница 1 – развој на проектни идеи |
| 05 октомври 2026 | Работилница 2 – подготовка на апликацијата |
| 15 октомври 2026, 18:00 | Краен рок за апликации |
| 4 ноември 2026 | Планирано објавување на избраните проекти |
| најдоцна до 13 ноември 2026 | Потпишување/исплата и старт на проектите |
| 15 април 2027 | Краен рок за завршување на проектните активности |

## 13. Договор, реализација и известување

Со избраната партнер-организација/институција ќе се склучи договор со кој ќе се утврдат одобрениот износ, активностите, буџетот, роковите, начинот на исплата, обврските за известување и мониторинг, како и условите за користење и евентуално враќање на неискористени или неправилно искористени средства.

За време на реализацијата, младинските тимови ќе имаат пристап до поддршка и редовни проверки/состаноци со програмскиот тим. Корисниците ќе треба да водат едноставна и уредна документација за активностите, учесниците и трошоците.

По завршувањето, корисниците доставуваат наративен и финансиски извештај, со најмалку:

- реализирани активности и постигнати резултати/исходи;
- број на вклучени млади и други учесници;
- преглед на трошоците и соодветни финансиски докази;
- фотографии и/или видео материјали од реализацијата;
- краток осврт на предизвиците, научените лекции и можноста резултатите да продолжат по завршувањето на проектот.

## 14. Видливост и заштита на лични податоци

Избраните проекти се должни соодветно да ја истакнат поддршката од Youth Climate Action Fund / Bloomberg Philanthropies и Општина Свети Николе, согласно доставените правила за визуелен идентитет и комуникација.

Фотографии, видеа и други материјали може да се користат за програмско известување и промотивни цели само согласно применливите правила и обезбедените согласности. Личните податоци од апликациите ќе се обработуваат за целите на спроведување на повикот и програмата.

## 15. Дополнителни информации и контакт

Сите материјали за повикот, образците и информациите за работилниците се објавуваат на официјалната веб-страница на Општина Свети Николе www.svetinikole.gov.mk и под-страницата наменета за повикот: https://youthclimatefund.svetinikole.gov.mk/.

За апликации и прашања: ler@svetinikole.gov.mk

Поднесувањето апликација не создава право на финансиска поддршка. Општина Свети Николе може да побара дополнително појаснување или документација, да побара корекција на буџетот или да одбие неприфатлив трошок, согласно условите на програмата и договорот.

## 16. Анекси

- Анекс 1 – Образец за апликација за микрогрант
- Анекс 2 – Образец за проверка на исполнување на условите за апликација
- Анекс 3 – Образец за евалуација на апликации за микрогрантови

**Општина Свети Николе**

Градоначалник
Дејан Владев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ *

*Оваа активност е овозможена преку поддршката на **Младинскиот фонд за климатска акција**, проект спонзориран од Rockefeller Philanthropy Advisors.*